**Влада на Република Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**

**Наш бр. 08ип1 - 75**
**Датум: 20.10.2016 година**

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија**

Бул. Гоце Делчев бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. + 389 (0)2 3226 183
Факс: + 389 (0)2 3226 183
лок . 102
Е-пошта: 100
svetlana.slezenkovska@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

Архивски знак ___________
Рок на чување _________
Датум: _______ . 20 __ год.
Скопје
Потпис

**До: Градоначалник на општина Охрид**
**- Овластен градежен инспектор**

**Предмет: Достава на предмет во надлежност**

Почитуван,

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија донесе Решение бр.08-75 од 11.12.2015 година со кое му нареди на инвеститорот со адреса на ул.„Аргир Маринчев" бр. 4 Охрид да ја отстрани кровната конструкција, на кровната проодна тераса на индивидуалниот станбен објект на ул. „Аргир Маринчев" бр.4 Охрид на КП. Бр. 15334 КО Охрид 3.

Решението беше обжалено од преку полномошник Адвокат од Охрид и жалбата беше препратена до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка ул. „Кеј Димитар Влахов" бр. 4 Скопје со бр. 08ип1-75 од 22.12.2015 година.

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка донесе Решение на ден 16.06.2016 година, под Ип2 бр. 0805-520, со кое Жалбата СЕ УВАЖУВА и Решението бр. 08ип1-75 од 11.12.2015 година СЕ ПОНИШТУВА.

Врз основа на укажувањето во Образложението од Решението Ип2 бр. 0805-520 од 16.06.2016 година, а имајќи го во предвид членот 73 и 74 од Законот за градење (Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16), кровната настрешница како настрешница во функција на објектот за која како градба не е потребно одобрение за градење е во Ваша надлежност.

Во прилог на Ваше запознавање за понатамошно постапување Ви доставуваме:

1. 2 (два) примерока од решението ИП2 број. 0805-520 од 16.06.2016 година.

Примерок од решението да доставите до жалителот во рок од 8(осум) дена по приемот на решението.

Пред доставувањето на решението, жалителот треба да плати административна такса која не е платена, а за истото е известена со допис бр. 08ип1-75 од 12.07.2016 год. (прилог од доставница) и допис бр.08ип1-75 од 29.08.2016 год.(прилог од доставница).

Со почит,

ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГР... РЕПУБЛИ... МАКЕ...